
ОПШТИНА
БОГДАНЦИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА БОГДАНЦИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Програмата што ја имате пред вас е резултат на повеќемесечна работа, анализа и широки консултации. Таа е создадена со вклученост на експерти, локални заедници и сите оние кои секојдневно се соочуваат со предизвиците и потребите на нашата општина.

Ова не е само листа на проекти – ова е план за иднината. Програмата ја изработивме партиципативно, со активно учество на сите засегнати страни, за да обезбедиме решенија кои се реални, применливи и најмногу потребни за нашите граѓани.

Во неа предвидовме конкретни проекти, мерки и активности насочени кон: унапредување на инфраструктурата, поддршка на локалната економија, поттикнување инвестиции, зачувување на животната средина, развој на туризмот и спортот, како и искористување на компаративните предности на Богданци. Нашата цел е јасна – да создадеме урбана, современа и инклузивна општина која ќе биде дом со еднакви можности за сите.

Верувам дека со заеднички сили можеме да ја претвориме оваа програма во реалност. Секој реализиран проект ќе значи чекор напред за подобар живот, секоја завршена мерка – доказ дека визијата станува стварност.

Ве повикувам да ја прочитате програмата внимателно, да ја поддржите и заедно да ја спроведеме во дело. Само со заедничка работа можеме да изградиме општина во која ќе се чувствуваме гордо и сигурно, општина што ќе биде пример за развој и напредок.

Со почит,
Марјан Пеев

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Елена Манолева Ѓавочанова - Носител на листа
2. Љубица Тодорова
3. Роберт Иванџиков
4. Антонио Прчев
5. Каролина Попова
6. Митко Апостолов
7. Љубинка Радева
8. Слободан Дуев
9. Стефани Нешковска
10. Стефан Гоцевски
11. Анита Попристовска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

## 10 ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА БОГДАНЦИ

1. Урбанистички планови за Богданци, Стојаково, Ѓавато и Селемли – уреден развој и нови можности за инвестирање.
2. Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци – квалитетна и сигурна вода за сите домаќинства.
3. Реконструкција на кров на ООУ „Петар Мусев“ – враќање на наставата во објектот и безбедни услови за учениците.
4. Улица „Петар Мусев“ со целосна подземна инфраструктура – современ изглед и функционалност.
5. Реконструкција на ул. „Маршал Тито“ во Стојаково – подобрен урбан лик и побезбедно секојдневие.
6. Нов мост на реката Луда Мара – побрз и побезбеден транспорт кон индустриската зона и поврзување на н.м. Стојаково со Богданци.
7. Реконструкција на локален пат Л603 (Стојаково – Ѓавато) фаза 2 – подобра патна поврзаност.
8. Субвенциониран општински линиски превоз – двапати дневно од Стојаково, Ѓавато и Селемли до Богданци.
9. Енергетска ефикасност во јавните објекти – заштеда на енергија и современи услови.
10. Патна поврзаност Ѓавато-Грчиште – нова регионална врска со соседната општина.

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се ниските и рамни даноци. Општината нема да ги зголемува даноците, туку ќе ги зајакнува фискалните капацитети. Со поефикасна наплата на локалните даноци и такси ќе се обезбедат повеќе средства за проекти што директно ќе го подобрат животот. Наместо дополнителен товар за граѓаните, средствата ќе се насочуваат кон нови инвестиции.

- **Прво, ќе се вложува во инфраструктурата како основа на секојдневието**. Приоритет ќе бидат реконструкцијата на локалните улици, подобрувањето на тротоарите и јавните површини, поставување енергетски ефикасно улично осветлување и изградба на нови паркинг-простори. Инвестициите ќе се однесуваат и на патната мрежа во селата, со цел да нема разлика меѓу урбаните и руралните средини.
- **Второ, општината ќе вложува во модерни и чисти јавни простори**. Ќе се уредуваат паркови, игралишта и спортски зони, а напуштените простори ќе се претвораат во рекреативни катчиња. Овие инвестиции не само што ќе ја подобрат естетиката на општината, туку ќе создадат и нови места за дружење, спорт и култура.
- **Трето, голем приоритет ќе биде образованието и младите**. Сите училишта ќе се модернизираат со нова опрема. Ќе се воведат програми за поддршка на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, а наставниот кадар ќе добива постојана поддршка за професионален развој. Општината ќе создава услови младите да се чувствуваат ценети и да ја гледаат својата иднина овде.
- **Четврто, ќе се работи на заштита на животната средина**. Ќе се воведе систем за управување на отпад, ќе се модернизира канализациската и водоводната мрежа. Ќе се субвенционираат домаќинствата кои ќе инвестираат во соларни панели и ќе се продолжи процесот на гасификација. Општината ќе премине на 100% енергетско ефикасно ЛЕД-осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.
- **Петто, дигитализацијата ќе биде основен инструмент за модерна општина**. Ќе се развие е-општина со цел граѓаните да ги добиваат услугите побрзо и без непотребни редици. Ќе се воспостави систем на отворени податоци за целосна транспарентност и платформи за активно учество на граѓаните во донесувањето одлуки.
- **Шесто, ќе се поттикнуваат спортот и културата како дел од идентитетот**. Ќе се реконструираат спортски терени и ќе се градат нови во сите населби, ќе се поддржуваат локалните спортски клубови и ќе се организираат редовни турнири. Во културната сфера ќе се поддржуваат локалните културни друштва, ќе се организираат фестивали, изложби и манифестации кои ќе го збогатат животот на граѓаните и ќе го зајакнат културниот идентитет.
- **Седмо, во социјалната сфера, општината ќе програмира мерки и активности за поддршка на ранливите категории граѓани и децата во предшколска возраст**. Преку вакви политики ќе се покаже дека општината е блиску до секој човек, особено до оние на кои им е потребна најголема поддршка.

Со овие приоритети ќе изградиме општина која е стабилна, развиена и европска ориентирана, но и човечка по односот кон луѓето. Општина што не дели, туку обединува. Општина која гради иднина со дела, а не со зборови.

Нашата цел е јасна: да изградиме општина во која секој граѓанин ќе сака да остане, да живее и да ја гледа својата иднина. Општина што ќе биде симбол на ред и развој, но и на заедништво и човечност. Овие приоритети се нашиот договор со граѓаните – ветување дека општината нема да биде извор на проблеми, туку двигател на решенија и нови можности. Со тоа ја поставуваме основата за општина што ќе биде модерна, европска и достоинствена – општина во која луѓето ќе веруваат и на која ќе бидат горди.



# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Новата локална власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис-секторот и НВО за остварување на интересите на граѓаните.

Со проектите во оваа област ќе овозможиме поттикнување на економскиот и општествен развој во урбаните и руралните средини, спречување на миграцијата, креирање нови работни места.

Нашите најважни проекти во функција на локалниот економски развој во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ➤ КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ (БАРТА И ГОРНИ ЧАИР)

Ова подразбира доизградба на водоводна и канализациска мрежа, изградба на улици, тротоари, улично осветлување како и поставување на сите неопходни инсталации и приклучоци. Вкупната инвестиција на овој проект во првата фаза изнесува над 10.000.000 денари.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 10.000.000 денари.

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТ ПРЕКУ РЕКА ЛУДА МАРА (БОГДАНЦИ-ИНДУСТРИСКА ЗОНА-СТОЈАКОВО).

Мостот на реката Луда Мара на локалниот пат Богданци-Стојаково претставува тесно сообраќајно грло. Овој мост го користат жителите од цела општина при комуникација на населените места Стојаково и Селемли со центарот на општината Богданци. Освен тоа овој мост е речиси на влезот на индустриска зона каде потребите од подобрени услови на бизнис-заедницата во овој сегмент на патната инфраструктура е дополнително зголемен.

Рок: 2025 (проектот е во тек со рок на завршување ноември 2025).

Извор на средства: Влада на РМ, МТВ на повик за финансирање на инфраструктурни проекти во општините преку поволниот заем од Унгарија.

Висина на средства: 18.617.990,44 денари

## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

Се работи за проекти што имаат силна додадена вредност.

Проектите се од големо значење од аспект на јакнењето на фискалниот капацитет на општината.

Главна цел на проектите е:

- Намалување на трошоците за енергија во општината;
- Осигурување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и работа;
- смалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- Изработка на технички документации за реконструкција на двете основни и средното училиште и изведба на реконструкциски зафати во нив, прва фаза 9 000 000,00.
- Изработка на технички документации за реконструкција на двете општински згради и изведба на реконструкциски зафати во нив, прва фаза 5 000 000,00.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, донаторски програми за енергетска ефикасност во јавниот сектор, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 14.000.000,00 денари.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ (ПОРАНЕШЕН РЕСТОРАН) ВО СТОЈАКОВО ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Изнаоѓање партнер кој е заинтересиран за развој на руралната туристичката понуда преку нови уникатни содржи, просторот има потенцијал за развој на сместувачки капацитет.

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: ЈПП - Општина Богданци и приватен инвеститор.

## (COWORKING SPACE)-ЗАЕДНИЧКИ РАБОТЕН ПРОСТОР ВО ПРОСТОРИИ НА ЈАВЕН ОБЈЕКТ - ОПШТИНСКА ЗГРАДА

Воспоставување простор за соработка во просториите на јавниот објект - општинска зграда.

Користејќи ги искуствата на другите земји, обезбедувањето заеднички работен простор на МСП, фриленсерите и НВО, има за цел да им помогне да ја подобрат ефикасноста на нивното работење, да контактираат со потенцијалните партнери и евентуално да иницираат заедничка соработка со други компании или со академскиот сектор. Покрај тоа, заедничкиот простор ќе биде ефикасен инструмент за општината да се приближи до деловниот и НВО сектор и да постигне поинтензивни односи.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донаторски програми.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИОНИРАН ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ ОД И ДО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ (ДВА ПАТИ НА ДЕН)

Воспоставување на субвенциониран општински линиски превоз до и од населените места Стојаково, Селемли и Ѓавото.

Ќе се распише јавен повик од Општина Богданци на кој ќе се пријавуваат сите заинтересирани лиценцирани превозници, превозот ќе биде субвенциониран од буџетот на Општина Богданци.

Целта е да се задоволат барањата на граѓаните од помалите населени места за поврзување со линиски превоз со Богданци, а потоа и индиректно и со други дестинации (два пати на ден).

Субвенционирање на линијата ќе се врши по секој изминат километар по претходно утврден возен ред.

(Линија: Богданци-Ѓавото-Стојаково-Селемли и обратно е во должина од 30км х 2 (два пати на ден))

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари годишно.

## ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ

Ќе се изработи стратешки документ со анализа на потенцијалите на општината (земјоделство, туризам, индустрија, зелена енергија, обновливи извори на енергија). Општината ќе создаде промотивни материјали на повеќе јазици преку кои ќе се презентираат можностите пред странски и домашни инвеститори. Паралелно ќе се работи на создавање на индустриски зони со подготвена инфраструктура. Очекуван ефект: привлекување инвестиции, отворање нови работни места, подобрена инфраструктура.

Рок: 2028-2029 година.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 200.000 денари.

## ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОД 2028-2031

Интегрираниот план за локален развој ќе има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува Општина Богданци, како и да предложи начин за нивно надминување.

Среднорочен стратешки документ кој ќе го трасира патот на локалниот економски развој на територија на Богданци.

Ќе се изработи со ангажирање на консултант за обезбедување на објективност во процесот на изработка со вклученост на сите заинтересирани страни на локално ниво.

Рок: 2028 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци

Висина на средства: 200.000 денари

## ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ 2026-2028

Главна цел на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Богданци за периодот 2026 - 2028 година ќе биде:

- намалување на трошоците за енергија во општината, пред се во
- општинските објекти кои се во нејзина надлежност;
- осигурување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и
- работа во сите простории;
- смалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- поголема примена на обновливи извори на енергија.

Рок: 2026

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 200.000 денари.

## ВТОРА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ „ПАРК НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕТЕРНИЦИ – БОГДАНЦИ“

Проширување на ветерен парк АД ЕЛЕМ за уште 13,8 мегавати и годишно производство од дополнителни 37 GWh, поставување дополнителни четири ветерници покрај веќе постојните 16

Рок: 2026-2028 година.

Извор на средства: АД ЕЛЕМ, Влада на РМ.

Висина на средства: 21.000.000 евра.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – ПАМЕТЕН ГРАД (SMART CITY)

## ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИ ДАНОЦИ И ТАКСИ

Дигитализација на услугите на општинската администрација, воведување на онлајн плаќање, без физичко присуство, без одење од шалтер до шалтер, а тоа значи воведување алатки со што ќе се придонесе за подобри локални услуги.

Рок: 2025-2026 г.

Извор на средства: Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари.

## ЗАМЕНА НА ОКОЛУ 2157 ПРИКЛУЧОЦИ-ВОДОМЕРИ СО ИНСТАЛАЦИЈА НА НОВИ ЗА ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ НА ПОТРОШЕНАТА ВОДА

Замената на водомерите е предвидена во рамки на проектот за реконструкција на систем за водоснабдување во населено место Богданци.

Рок: 2025-2027 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Министерство за ЖСПП.

Висина на средства: Вкупната вредност е вкалкулирана во проектот за реконструкција на систем за водоснабдување во н.м. Богданци.

## БЕЗЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ ЗА СЕКОГО

Општината ќе воспостави мрежа на бесплатен јавен безжичен Интернет на повеќе точки на клучни локации: плоштади, училишта, паркови, спортски терени и јавни институции. Со тоа ќе се обезбеди пристап до интернет за сите граѓани, особено за младите и учениците кои немаат постојан интернет дома. Очекуван ефект: дигитална еднаквост, подобрени услови за учење и информирање, поголема транспарентност и поврзаност на граѓаните.

Рок: 2026 г.



# МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## УРБАНИЗАМ

Урбанизам претставува планирање и уредување на просторот, со цел создавање на функционални, безбедни и естетски уредени средини за живеење, работа и рекреација.

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој.

Наши проекти од областа на урбанизмот се следните:

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БОГДАНЦИ

Доршување и донесување на Генерален урбанистички план за Богданци.

Изработка на ДУП, парцијално, и тоа најпрво за оние зони каде тоа најпотребно, а понатаму и за сите други зони.

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

Урбанистички планови за сите рурални населени места во Општина Богданци (Стојаково, Ѓавото и Селемли).

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Изработка на проектна документација за реконструкција на системот за улично осветлување и секторска замена на сијалиците.

Рок: 2027-2028 г.

Извор на средства: Донаторски програми, ЈПП, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 5.000.000 денари.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ СО ДВОНАСОЧНИ УЛИЦИ НА ЦЕЛА ТЕРИТОРИЈА НА Н.М. БОГДАНЦИ СО ОТВОРАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПАРКИНГ-МЕСТА

Воведениот режим на сообраќај во н.м. Богданци во 2020 со еднонасочни улици и голем број знаци не ги дава очекуваните резултати, затоа ќе ги прифатиме сугестиите и предлозите од голем број граѓани и деловни субјекти во н.м. Богданци да се воведе повторно режим на сообраќај со двонасочни улици со можност за отварање на дополнителни паркинг-места секаде каде тоа е возможно.

Рок: 2025-2026 г.

## УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ ИЛИ СТАНОВИ СО КОМЕРЦИЈАЛНА НАМЕНА (КОИ ЌЕ БИДАТ ДОСТАПНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ И ЌЕ ОВОЗМОЖАТ КОНКУРЕНТСКИ УСЛОВИ)

Во соработка со Министерство за транспорт и врски и АД за стопанисување на станбен и деловен простор, ќе се бара утврдената локација во Општина Богданци, да влезе во плановите на проектите за изградба на социјални станови или станови со комерцијална намена.

Рок: 2028 г.

## УТВРДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА И ИЗГОТВУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СПОРТСКО- РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ВО БОГДАНЦИ, СО ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Рок: 2027-2029 г.

## ПРЕРАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРОБИШТА ВО Н.М. СТОЈАКОВО И ДОКОЛКУ Е ПОТРЕБНО ИЗНАОЃАЊЕ НА НОВА ЛОКАЦИЈА ВО ДОГОВОР СО НАСЕЛЕНИЕТО

На иницијатива на МЗ Стојаково и на бројни физички лица од н.м. Стојаково утврдена е потреба од изнаоѓање на соодветна локација за селски гробишта која ќе се утврди во соработка со МЗ и жителите на н.м. Стојаково.

Рок: 2026 г.

## ПОСТАВУВАЊЕ ПОСТОЈКА ЗА КОМБИЊА И ТАКСИ ПРЕВОЗ ВО СЕЛЕМЛИ НА ЛОКАЦИЈА ВО ДОГОВОР СО НАСЕЛЕНИЕ

Предлогот е добиен од жител на н.м. Селемли, целта е да се утврди најдобрата локација за постојка и да се добие заштитен простор од временски непогоди при чекање превоз.

Рок: 2026-2027 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 100.000 денари.

### НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Урбана опрема ќе се набави и постави во сите населени места во Општина Богданци, согласно потребите и годишните програми.

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари годишно.

## ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе обезбедиме континуиран, квалитетен и безбеден доток на вода со ефикасно управување и заштита на водните ресурси.

Ќе направиме максимални напори проблемите со водоснабдувањето да бидат надминати и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од Општина Богданци. Наши приоритети се:

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО БОГДАНЦИ

Целосна реконструкција на дистрибутивната водоводна мрежа во населено место Богданци и замена на околу 2157 приклучоци-водомери со инсталација на нови, за далечинско отчитување на потрошената вода.

Рок: 2025-2027 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Министерство за ЖСПП.

Висина на средства: 250.000.000 денари (вкупна вредност на проектот).

### ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО Н.М. СТОЈАКОВО СО ПОТИСЕН ЦЕВОВОД ДО РЕЗЕРВОАР ЗА С. СЕЛЕМЛИ, ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Активностите ќе се реализираат преку проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Македонија (Финансиран преку Европска инвестициона банка и МЖСПП)

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Министерство за ЖСПП, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 30.000.000 денари.

### ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ЗА НАПОЈУВАЊЕ НА ПУМПНА СТАНИЦА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО ЃАВОТО

Фотоволтаичната централа ќе овозможи поевтино, одржливо и посигурно напојување на пумпната станица што би значело стабилно снабдување со вода за граѓаните и помал товар врз буџетот на јавното претпријатие и општината.

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

## КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Собирањето, одведувањето и пречистувањето на отпадните и атмосферските води има клучна улога во заштитата на јавното здравје, спречување на загадувањето и одржување на хигиенски и безбедни услови за живеење во урбаните и руралните средини.

Еден од поголемите предизвици во Општина Богданци е управувањето со отпадните води и атмосферските води.

За таа цел, наши приоритети ќе бидат изградба на канализациски мрежи во следните населени места:

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКИ МРЕЖИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Доградба на канализациска мрежа во Богданци.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ.

Висина на средства: 6.000.000 денари.

Доградба на канализациска мрежа во Стојаково.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКИ МРЕЖИ ЗА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Доградба на канализациска мрежа во Богданци.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ.

Висина на средства: 6.000.000 денари.

Доградба на канализациска мрежа во Стојаково.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци/Влада на РМ.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

# УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРСКИ ПОВРШИНИ ВО Н.М. БОГДАНЦИ

Преку овој проект ќе биде опфатена улица „Маршал Тито" Богданци (од пресек со улица „Изворски" до пресек со обиколница) и улица „Илинденска".

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донатор.

Висина на средства: 4.000.000 денари.

## УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРСКИ ПОВРШИНИ ВО С. СТОЈАКОВО

Преку овој проект ќе биде опфатена улицата низ централното подрачје на с. Стојаково со што ќе се зголеми безбедноста на пешаците кои ја користат истата.

Ќе се оформи тротоар од павер елементи со минимална ширина од 120 см, генерално целата должина од левата страна и на дел од должина од десната страна.

Рок: октомври 2026-2029 година.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 2.000.000 денари.

# УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Уредувањето на парковите и создавањето на нови зелени површини подразбира планирање, засадување и оддржување на растителен фонд, со цел подобрување на квалитетот на животната средина. Овие простори обезбедуваат рекреација, свеж воздух и естетска вредност, придонесувајќи кон поздрава и попријатна заедница. Наши проекти кои ќе ги реализираме во оваа област се:

### УРЕДУВАЊЕ НА МАЛИ УРБАНИ КАТЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА БОГДАНЦИ, СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ

Утврдена е потреба од урбани катчиња за одмор и рекреација на повеќе локации во сите населени места во Општина Богданци. Согласно можностите на општинскиот буџет во соодветните програми ќе се предвидат точни локации за оваа намена во сите населени места.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донатор.

Висина на средства: 2.000.000 денари.

### ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ ПАРК ВО БОГДАНЦИ И СТОЈАКОВО И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донаторски програми.

Висина на средства: 2.000.000 денари.

## ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Патната инфраструктура ги опфаќа сите патишта, улици, мостови и придружни објекти кои овозможуваат безбедно, брзо и ефикасно движење на луѓето и на стоките. Одржувањето и модернизацијата се клучни за економски развој, подобрување на поврзаноста и зголемување на безбедноста во сообраќајот. Приоритетни проекти во оваа област ни се:

### АЖУРИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КОЈ ПОВРЗУВА ДВЕ ОПШТИНИ ЃАВОТО-ГРЧИШТЕ

Во соработка со повисоко ниво на власт ќе се обидеме да ја завршиме инвестицијата, изградба на локален пат кој поврзува две општини Ѓавото-Грчиште (проектот е дел од Платформата 1198)

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ.

Висина на средства: 300.000.000 денари.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Реконструкција на локален пат Л603 од с. Стојаково до с. Ѓавото, Општина Богданци, фаза 2/ 1+010 - 1+760.

Реконструкција на патниот правец Ѓавото-Стојаково (од н.м. Ѓавото до крстосница со регионален пат Р1109 води кон подобрување на патната инфраструктура во Општина Богданци и подобрување на условите за живот на граѓаните во овој дел од општината, со што се овозможува поголем економски развој на населените места, а воедно и на целата општина.

Реализацијата на проектот ќе обезбеди – олеснување на локалната комуникација на населението, зголемување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници, подобрување на пристапот на земјоделците до нивните ниви, безбедност во сообраќајот и за пешаците, подобрување на квалитетот на живот –задоволување на разните социјални, рекреативни и резиденцијални потреби на граѓаните од оваа локална заедница.

Постоечкиот пат е составен од асфалт кој е со променлива широчина од 4.0 до 4,5м на трасата.

Рок: 2026-2027 г.

Извор на средства: БРР, ЦРЈИПР, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 11.000.000 денари.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

Проектот за изградба, реконструкција и санација на локални патишта и улици во општината, ќе обезбеди подобра инфраструктура и го олеснува животот на граѓаните.

Со овој проект, ќе го подобриме урбаното живеење, обезбедуваме локален економски развој, безбедност во сообраќајот и подобра комуникација меѓу граѓаните.

### Богданци

Реконструкција на ул. „Петар Мусев“ – Богданци.

Рок: 2025-2026 г.

Извор на средства: Влада на РМ, МТВ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 60.000.000 денари.

Реконструкција на улица „Изворски“ - Богданци.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 22.000.000,00 денари.

### Стојаково

Реконструкција на ул. „Маршал Тито“ во с. Стојаково (главна улица) 1 км.

Гребење на стариот асфалт и поставување нов асфалт со дебелина од 7см.

- Да се изврши оформување на улицата со проширување до лева или десна страна со нов асфалт до 7см.
- На делот од улицата каде коловозот е изведен од камена коцка да се изврши прередување на камената коцка.
- Да се поставаат нови големи ивичници, а на дел каде постојат истите, да се изврши промена на оштетените ивичници.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 25.000.000 денари.

## Ѓавото

Проектирање нова улица во должина од 1 км во Ѓавото (во рамки на проектот за изградба на локален пат Ѓавото-Грчиште).

Главната улица во Ѓавото е единствената улица, во н.м. Ѓавото се останато се сервисни улички и сокаци, проектната идеја предвидува алтернативна улица на главната, низ цела должина на населеното место со сервисни улички за поврзување.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

## ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЧКИ И СОКАЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА БОГДАНЦИ, СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ

Предвидено е локалните улички и сокаци да се поплочат со бекатон плочки и со бетон, а изградбата, реконструкцијата и ревитализацијата ќе оди согласно годишната програма на општината во оваа област.

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 20.000.000 денари.



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Вложувањето во образованието претставува инвестиција во иднината на заедницата.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар, со цел постигнување на образовната визија за квалитетна настава, партнерски однос со семејството на ученикот, како и меѓусебно почитување придружено со капитални инцестиции, кои ќе обезбедат подобри услови за учење, зголемена безбедност и современа инфраструктура.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ НА ООУ „ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ

Поради дефектна реконструкција на кров на ООУ „Петар Мусев“ - Богданци и претовар на кровна конструкција, наставниот процес на основците се одвива во алтернативен објект. Неопходно е да се изготви техничко решение и изведба на уште една реконструкција, со цел исполнување на препораките на ИЗИИС и враќање на функционалност на објектот.

Рок: 2025-2026 г.

Извор на средства: Влада на РМ, МОН, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 10.000.000 денари.

## ➤ ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Стратегијата ќе биде подготвена како резултат на активната вклученост на претставници од општината во обуките за МИО и преку менторска поддршка со директни посети и дискусии со претставници на Општина Богданци.

Оваа стратегија ќе ги вклучува: општината, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на Општина Богданци.

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години.

Рок: 2026-2027 г.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТ НА ОУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СЕЛЕМЛИ

Статичко појачување и реконструкциски зафати на објект на ОУ „Кирил и Методиј“ во Селемли.

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, ОУ „Кирил и Методиј“ – Стојаково.

Висина на средства: 2.000.000 денари.

## ПОСТАВУВАЊЕ КОМБИНИРАН СИСТЕМ ЗА ЛАДЕЊЕ И ГРЕЕЊЕ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО ЃАВОТО (ИНВЕРТЕР КЛИМИ)

Рок: 2026-2027 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, ООУ „Петар Мусев“ - Богданци

Висина на средства: 100.000 денари.

## ВЕБ-СТРАНИЦИ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА ИЗРАБОТЕНИ ОД САМИТЕ УЧЕНИЦИ, ПРЕДВОДЕНИ ОД НАСТАВНИЦИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ

Рок: 2026-2029 г.

## СТИПЕНДИЈА ЗА НАЈДОБРИ СРЕДНОШКОЛЦИ

Давање финансиска поддршка односно стипендија во времетраење од 1 години за секој првенец на генерација по завршување на средно училиште во висина од 6 000 денари месечно.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства**:** 72.000 денари годишно.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАПАЦИТЕТИ НА ОСНОВНИТЕ И НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО БОГДАНЦИ

Овие активности ќе се реализираат преку буџетите на основните и на средното училиште од дотации.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

## НАСТАВНИК НА ИДНИНАТА

Инвестиции во континуирана едукација и професионален развој на наставниците преку: обуки, студиски посети во ЕУ и програми за усовршување нови наставни мето-

дологии. Очекуван ефект: мотивирани и компетентни наставници, повисок квалитет на наставата, подготвеност за современи предизвици.

Рок: континуирано.

## УЧИЛИШТЕН ДВОР КАКО РЕКРЕАТИВЕН ПАРК

Реконструкција на училишните дворови со модерни игралишта, спортски терени и зелени површини, достапни и за граѓаните во попладневните часови. Очекуван ефект: повеќе простор за спорт и рекреација, поголема социјална поврзаност во заедницата.

Рок: континуирано.

# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ОПШТИНА СО ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Воведување европски практики во работата на општинската администрација – транспарентност, отчетност, јавни консултации и учество на граѓаните во креирање на политики. Ќе се применуваат европски кодекси за добро управување. Очекуван ефект: поефикасна и транспарентна администрација, поголема доверба на граѓаните во институциите.

Рок: континуирано.

## ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРЕТПРИСТАПНИ ЕУ ФОНДОВИ

- Унапредување на капацитетот на човечките ресурси за поддршка при реализирање на проекти во програмите за прекугранична соработка и искористување на предпристапните фондови на ЕУ.
- Учество на повици во рамки на програмите за прекугранична соработка Македонија-Грција и Македонија-Бугарија со користење на консултанска помош.

РОК: континуирано.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка претставува размена на искуства, знаења и ресурси со други градови, региони и организации во странство. Таа овозможува заеднички проекти, привлекување инвестиции и промоција на локалните потенцијали, придонесувајќи за економски, културен и општествен развој.

Во овој програмски период ќе се залагаме за:

- Унапредување на соработка со збратимени општини и воспоставување нови соработки за збратимување.
- Воспоставување на соработка со општини во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција.
- Воспоставување на соработка со општини во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Бугарија.

Рок: континуирано.



# ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Животната средина опфаќа природни и создадени услови во кои живеат луѓето, животните и растенијата. Нејзината заштита подразбира оддржливо користење на ресурсите, намалување на загадувањето и зачувување на биодиверзитетот, со цел обезбедување здрава и безбедна иднина. Правото на здрава животна средина е фундаментално граѓанско право, така што животната средина ќе ни биде најголемиот предизвик во овој програмски период: чиста, здрава и добро зачувана животна средина како поддршка на одржлива економија и општество, во кое живеат задоволни граѓани.

Најважни проекти во функција на заштита на животната средина во следниот четиригодишен период, ќе бидат:

## ➤ ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП (ЛОКАЛНИОТ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН)

Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) ја отсликува состојбата во областа на животната средина на локално ниво и истиот е од голема важност како за локалните институции и власти, така и за граѓаните, граѓанските организации и за бизнис-секторот.

Рок: 2026 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 200.000 денари.

## ➤ УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА (ДИВА) БОГДАНЦИ И РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТ ЗА ДИСЛОКАЦИЈА

Градската депонија - Богданци е со површина од 20 000 м2 и е на растојание од 800 м од најблиското населено место, а во близина нема водни површини. Целиот генериран и собран комунален цврст отпад од домаќинствата и индустриските капацитети се депонира на депонијата за комунален отпад „Богданци“. Депонијата се наоѓа на ~1km од градот и до неа води поголем дел асфалтиран пат, а кон крајот земјен. Депонијата ги исполнува минималните технички услови коишто се предвидени за една комунална депонија, но потребно е:

- Санација на оградата околу депонијата.
- Обнова на поставени рампи на трите пристапни патишта за влез и излез од депонијата, со што целосно би се заокружил процесот за оградување.

- Ангажирање булдожер гасеничар за затрупување и порамнување на дел од депонијата. Средствата за порамнувањето ќе се обезбедат дел од Јавното претпријатие, а дел од Општина Богданци.

Со претставници на ЈП „Македонски шуми", ќе се отпочне со засејување на зелен појас околу депонијата, а ЈП „Комунална чистота" ќе постави систем за наводнување капка по капка.

Во поглед на обезбедување на депонијата, ќе се разгледа можноста за патролно обезбедување на депонијата, така што нема да има потреба од воведување чуварска служба за превентива од подметнување пожари и самозапалување на депонијата.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, ЈП „Комунална чистота".

Висина на средства: 500.000 денари.

## УРЕДУВАЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СТОЈАКОВО

Депонија - Стојаково е со површина од 2 100 м2 и е на растојание од 600 м од најблиското населено место, а во близина нема водни површини.

Во интерес на намалувањето на постоечките и појавата на нови диви ѓубришта како последица од несоодветното постапување на жителите со отпадот, општината треба да преземе мерки за подигнување на јавната свест, со што ќе ги предочи пред локалното население штетните ефекти од несоодветното постапување со отпадот, преку спроведување на еден вид кампања која ќе се случува паралелно со вклучување на нови корисници во системот на собирање и транспорт на отпад. Во населени места каде што е воведена услуга за собирање и транспорт на комуналниот отпад, ќе биде строго забранета појавата на диви ѓубришта, односно Јавното комунално претпријатие и општината имаат обврска да ги детектираат и казнуваат сите прекршители на законот.

И секако ангажирање булдожер гасеничар за затрупување и порамнување на депонијата.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, ЈП „Комунална чистота".

Висина на средства: 250.000 денари.

## ЗЕЛЕНО БОГДАНЦИ, ЗАСАДУВАЊЕ НА 10 000 НОВИ САДНИЦИ

Општина Богданци во соработка со Македонски шуми и НВО ќе организира редовни акции за засејување на садници -дрвја.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Македонски шуми, Буџет на Општина Богданци, НВО.

Висина на средства: 100.000 денари.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА ЗА СОБИРАЊЕ ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА И ЛИМЕНКИ

Следење на светскиот тренд во селектирањето, во соработка со непрофитните компании за управување на отпадот од пакување, поставување на повратна вендинг машина за собирање пластични шишиња и лименки (со споделување на трошоците за набавка и сервисирање). Идејата е граѓаните да се вклучат активно во процесот на селекција на отпадот од пакување.

Рок: 2026-2027 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, непрофитни компании за управување на отпадот од пакување.

Висина на средства: 100.000 денари.

## ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕНДЕМИЧЕН ВИД „КОЗИНЕЦ“ (ASTRAGALUSPHYSOCALYX)

На територијата на Општина Богданци е пронајден многу редок и ендемски вид растение од родот „Козинец“ со латинско име **Astragalusphysocalyx.** Присутен во ЗРП Богданци и според критериум А има статус на Ex/En (истребен/загрозен) односно глобално засегнат вид.

Со негова промоција и зачувување ќе ја ставиме Општина Богданци на светската мапа на заштитени видови растенија.

Рок: 2026-2029 година.

## ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ПОД НАДЛЕЖНОСТ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Општина Богданци ќе врши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектите под надлежност на локалната самоуправа меѓу кои се и училишните објекти, со што ќе се придонесе кон зачувување на здравјето на учениците. Акцент ќе се стави на векторите на тропски болести, комарци, муви и други инсекти и поради тоа ќе се врши авионско прскање најмалку двапати во сезона.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 2.500.000 денари во рок од 4 години.

## ЗАСИЛЕН МОНИТОРИНГ, РИГОРОЗНА КОНТРОЛА, САНКЦИИ И ТРЕТМАН НА КУЧИЊА БЕЗДОМНИЦИ

Речиси сите општини во Македонија имаат проблем со кучиња скитници. Најважно е навремено постапување и спречување на неодговорно сопственишство, размножување и напуштање, и секако соодветен третман на кучиња бездомници.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 500.000 денари годишно.

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Со одржувањето на јавната чистота, одржување на комунална инфраструктура и благовремено решавање на проблемите на граѓаните целта е создавање на уредна, здрава и безбедна средина за живот на граѓаните.

## НАБАВКА НА МАЛ РОВОКОПАЧ

Механизацијата ќе се користи за комунални работи во тесни улички и сокаци.

Се работи за меѓуинституционална соработка на Општина Богданци и ЈП „Комунална чистота“.

Рок: 2028-2029 година.

Извор на средства: Донации од програми на амбасади.

Висина на средства: 3.200.000 денари.

## НАБАВКА НА КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА СМЕТ

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци, ЈП „Комунална чистота“, донаторски програми.

Висина на средства: 1.000.000 денари.

## НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ

Рок: 2025 г.

Извор на средства: БРР, МЛС, ЦРЈИПР, Буџет на Општина Богданци (намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност).

Висина на средства: 5.000.000 денари.

## АНАЛИЗА И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ

Рок: континуирано.



# МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Развој на туристичката понуда, подобрувањето на инфраструктурата и одржливо управување со ресурсите, создава услови за привлечност на дестинацијата и зголемување на бројот на посетители.

Проекти во оваа област се:

## ➤ КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ТУРИСТИЧКА ЗОНА

Изградба на патна инфраструктура во туристичка зона Паљурци - приклучок на улиците 1 и 2 кон регионалниот пат Р1109 Богданци-Фурка во место викано Паљурци.

Дел од инвестициите кои во Општина Богданци ни се планирани во рамките на програмата и општиот развојот на општината е и: уредувањето и оплеменувањето на излетничко-туристичкиот локалитет Паљурци, кај вештачкото езеро под истото име кое се наоѓа на неколку километри источно од градот; за пристап и комуникација кон урбанистички планираните црква и хотелско-угостителски комплекс се предвидува сообраќаен приклучок кон регионалниот пат Р1109. Тој приклучок, кој е дефиниран со кусите улици 1 и 2 и со потребното проширување на регионалниот пат како за раскрсница, го претставува предметот на овој проект од нискоградба.

Рок: 2028 г.

Извор на средства: БРР, ЦРЈИПР, Програма за развој на регионите.

Висина на средства: 10.000.000 денари.

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКА И ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА БОГДАНЦИ -М.В. ЧЕСТЕ ЈАВОРИ - II ФАЗА

Пешачката и велосипедската патека има функција да овозможи приод и рекреација на жителите од Богданци. Се протега покрај локалитетот Честе Јавори кој е своевидна атракција бидејќи таму расте ендемичен вид на јавори оревочетинари и завршува на локалитет Паљурци, место со вештачка акумулација каде е поставена урбана опрема за одмор и рекреација.

Граѓаните на Богданци во топлите месеци секојдневно ќе ја користат оваа траса за рекреација, иако сега се доведуваат во опасност бидејќи нема доволно простор покрај патот и тие излегуваат на асфалтот.

Вкупната должина на патеката изнесува околу 2 км.

Оваа делница претставува втора фаза од реконструкцијата на пешачка и велосипедска патека Богданци-Честе Јавори-Паљурци.

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 15.000.000 денари.

## ПРОМОЦИЈА НА СТОЈАКОВО - СЕЛО НА ШТРКОВИ

Изработка на промотивен материјал, поставување на опрема-набљудувачници на птици, табли за означување.

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донатори.

Висина на средства: 200.000 денари.

## ИЗРАБОТКА НА БРОШУРИ, ФЛАЕРИ И ДРУГИ ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНАТА

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донатори.

Висина на средства: 400.000 денари.



# СПОРТ И КУЛТУРА

Спортот и младите се клучен сегмент за здрав и активен развој на заедницата, така што инвестирањето во спортска инфраструктура, едукативни програми и настани создава можност за ангажман, креативност и афирмација на младите.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во Општина Богданци, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина.

Најначајни проекти во следниот мандат се:

## ➤ ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО СТОЈАКОВО, ЃАВОТО И СЕЛЕМЛИ

Обнова на постоечки игралишта доколку е потребно, изнаоѓање на соодветна локација и изградба на нови игралишта каде ќе се процени дека е потребно.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Министерство за спорт, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 10.000.000 денари.

## ➤ Изградба на тениско игралиште во Богданци

Изнаоѓање соодветна локација, предлог во училишниот двор на ООУ „Петар Мусев" - Богданци.

Рок: 2027-2028 г.

Извор на средства: Влада на РМ, АМС.

Висина на средства: 5.000.000 денари.

## ➤ ОБНОВУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА (МАУНТБАЈК) ПЛАНИНСКА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ЛОКАЛИТЕТ ПАЉУРЦИ-ДОЈРАН

Патеката е исчистена и трасирана во 2010 година и ги поврзува локалитетот Паљурци, Богданци и Дојран. Самата патека во голем дел ја следи линијата на Солунскиот фронт од Првата светска војна и тоа ја чини атрактивна и за странски посетители.

Рок: 2027-2029 Г.

Извор на средства: ЦРЈИПР, МОС со Општина Дојран.

Висина на средства: 1.500.000 денари.

## ➤ САНАЦИЈА НА ТРЕВЕН ФУДБАЛСКИ ТЕРЕН ВО СТОЈАКОВО

Реновирање на спортски терен и уредување на простор околу стадионот.

Рок: 2027-2028 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари

## ПОДДРШКА НА АКТИВНИТЕ СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА/КЛУБОВИ, УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на општина Богданци.

Висина на средства: 1.500.000 денари годишно.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БАСКЕТ ТУРНИР 3X3 (БОГДАНЦИ)

Рок: 2027-2029

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донации од приватен сектор.

Висина на средства: 500.000 денари.

## ПОДДРШКА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ (СТОЈАКОВО)

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донации од приватен сектор.

Висина на средства: 500.000 денари.

## ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И НОСЕЊЕ ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Вклученоста ќе се обезбеди преку формирање соодветно тело на организирање–Младински совет и основање младински центар.

Општините – според Законот за младинско учество и младински политики, донесен во јануари 2020 – имаат обврска во Рок од пет години по донесувањето на Законот да основаат најмалку еден Младински центар во соработка со локалните здруженија.

Младинските центри, како постојано достапни и безбедни простори за младите, се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, каде се споделуваат информации од интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

РОК: континуирано.

# КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура.

Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство. Во тој контекст, Општина Богданци се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ќе настојуваме нашата општина да биде пошиРоко препознатлива дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку:

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРА ВО С. ЃАВОТО СО АДАПТИРАЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ДРУЖБА НА ПЕНЗИОНЕРИ ВО ЃАВОТО

Културниот дом се наоѓа на КП 1493 во с. Ѓавото, Општина Богданци и се состои од два дела. Голем објект во кои се сместени главна хала со бина и помошна просторија и мал објект во кој се сместени придружните простории. Санитарните јазли се внатрешната врска помеѓу бината на големиот објект и придружните простории на малиот објект. Објектите се внатрешно поврзани, а конструктивно одвоени во две посебни целини со различни кровни партии. Објектот е стар и запуштен. Подот е стар и дотраен и се предвидува замена со нов. Надворешната и внатрешната столарија е дрвена стара и дотраена и се предвидува замена со нови. На терасата е изведена некаква а.б конструкција која е надворешна и недовршена и се предвидува комплетно отстранување на конструкцијата и ѕидовите и поставување нови подови и ограда на отворена тераса.

Ќе се изврши реконструкција на кровот, тоалетите, фасадата, целосна промена на прозорците и вратите, како и реконструкција на салата за културни активности и внатрешен развој на центарот и канцелариите со нова електрика и набавка на столици и маси.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Министерство за култура.

Висина на средства: 10.000.000 денари.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛЕТНА СЦЕНА ВО ЈОУДК „БРАНД ПЕТРУШЕВ“ - БОГДАНЦИ.

Во Општина Богданци единствена установа во областа на културата е Домот на култура „Бранд Петрушев“. ЈОУДК „Бранд Петрушев“ располага со објект кој е од огромно значење за сите граѓани во Општина Богданци. Во овој мултимедијален објект се одржуваат сите позначајни настани од јавен карактер (концерти, претстави, кино итн.)

Најразлични содржини од културната понуда во н.м. Богданци се оддржуваат во единствената опремена сала во објектот на Домот на култура.

Во нашата општина нема културен простор, односно сцена која би овозможила овие активности да се изведуваат на отворено, особено во летниот период.

Немањето на ваков простор наметнува проблем во беспрекорното одвивање на културните активности и работата на самиот Дом на култура, како и организирање манифестации од најразличен карактер во топлите денови во нашата општина.

Иако ЈОУДК во рамки на објектот располага со простор кој во минатото се користел за изведување на активностите на отворено, овој простор долго време е вон употреба и е потребна негова целосна реконструкција и опремување согласно најновите стандарди.

Целта е приспособување и ставање во употреба на просторот, кој во минатото се користел за изведување на активностите на отворено во објектот на ЈОУДК „Бранд Петрушев" – Богданци, што е моментално вон употреба.

Реконструкцијата и опремувањето на оваа летна сцена со трибина ќе даде нова и многу посериозна нота во поглед на културата во овој регион.

Со овој проект е предвидено трибината да има специјално место за луѓето со посебни потреби со што би им се овозможило да присутствуваат на сите настани кои ќе се одржуваат во летните денови.

Овој проект ќе им послужи и на љубителите на книги, кои би добиле можност да уживаат читајќи ги книгите од библиотеката на чист воздух.

На овој начин Општина Богданци ќе добие мултифункционален простор кој ќе придонесе за поголема посетеност на настаните, подигање на културната свест кај граѓаните, а секако и дополнителен и поголем мотив за работа.

Рок: 2026-2028 г.

Извор на средства: ЈОУДК Бранд Петрушев, донатори.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

## ОПРЕМУВАЊЕ НА ДОМ НА КУЛТУРА ВО СТОЈАКОВО (КИНО САЛА, БИБЛИОТЕКА, КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА) И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОР

Домот на културата во населено место Стојаково има потреба од опремување и доуредување, заради максимално искористување на намената на овој објект.

Објектот во 2016 година имаше значајна реконструкција во делот на обнова на фасадата, покривот и целокупната столарија (прозорци, надворешни и внатрешни врати), како и реновирање на кино салата со нов тепих и реставрирање на бината.

Меѓутоа, како главен проблем останува неопремената сала за кинопроекции, библиотека, конференциска сала и неуредената околина на објектот.

Рок: 2022 година.

Извор на средства: Буџет на општина Богданци, донатори.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОДВОЈУВАЊЕ НА ЈОУДК „БРАНД ПЕТРУШЕВ“ И ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА

Во соработка со државните институции ќе отпочне постапка за институционално одвојување на ЈОУДК „Бранд Петрушев“ и градска библиотека, со цел работа со полн капацитет на двете институции.

Рок: 2029 г.

## ПОДДРШКА ВО ИЗГРАДБАТА НА ЦРКВАТА ВО СЕЛЕМЛИ И МАНАСТИРОТ НА ЛОКАЛИТЕТ ЧУКА

Планирано е активноста да се одвива со организирање на донаторски состаноци со приватниот сектор (под покровителство на општината и градоначалникот) и собраните средства ќе бидат наменети за двата верски објекти.

Рок: континуирано.

## УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА И ПОСТАВУВАЊЕ МОНУМЕНТАЛЕН КРСТ (МЕТАЛНА КОНСТРУКЦИЈА) ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЃАВОТО

Рок: 2028 година.

Извор на средства: Буџет на Општина БОГДАНЦИ, донаторски сретства.

## БОГДАНСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

Во организација на ЈОУДК „Бранд Петрушев“ од Богданци и локалната самоуправа, ќе продолжи традицијата, секоја година од средината на месец јули до средината на месец август да се одржуваат културни збиднувања насловени како „Богданско

културно лето".

„Богданско културно лето" претставува традиционално зближување на граѓаните од Општина Богданци со спој на музика, театар и игри.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Министерство за култура, Буџет на Општина БОГДАНЦИ.

Висина на средства: 500.000 денари годишно.

## КУЛТУРЕН КАЛЕНДАР НА МОЈАТА ОПШТИНА

Воспоставување годишен календар на културни настани: концерти, фестивали, изложби, книжевни вечери. Општината ќе ги поддржува локалните културни друштва и уметници. Очекуван ефект: збогатување на културниот живот, привлечност за туристи, зачувување на традицијата.

Рок: континуирано.



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита и превенција опфаќаат мерки и програми за поддршка на ранливите категории граѓани, обезбедување на еднакви можности и подобрување на квалитетот на живот.

Со добивање на вашата доверба, како нова локална власт во Општина Богданци, ќе се залагаме за мобилизирање на сите чинители на локално ниво, со цел обезбедување социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.

Главните цели се:

## ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Со донесувањето на новиот Закон за социјална заштита во 2019 година, зајакнета е улогата на општините во доставата на социјални услуги, односно се предвидуваат низа обврски, како во однос на планирање на активности на стратешко ниво, така и во однос на имплементација на локално оперативно ниво. Во таа насока, општинската администрација врши идентификација на ранливи групи и мапирање на социјални проблеми, анализа на капацитети и расположливи ресурси во општината, како и проценка на специфични потреби за развој на социјални услуги за жителите на локалното подрачје.

Сето тоа, претставува основа за подготовка на Социјален план за подрачјето на општината, кој ќе овозможи операционализација на донесените развојни програми на активности како законска обврска на општината.

Општинскиот план за социјална заштита заедно со дефинираните програми, треба да овозможи унапредување на системот на социјална заштита преку обезбедување разни форми на социјални услуги во соработка со локалните чинители, а со тоа и реализација на Националната програма за развој на социјалната заштита.

Рок: 2026 година.

## РЕКОНСТРУКТИВНИ ЗАФАТИ ВО ЈОУДГ „КОСТА ПОП РИСТОВ ДЕЛЧЕВ“ - БОГДАНЦИ

Реконструктивните зафати се однесуваат на спуштање на плафоните во детската градинка во Богданци.

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: МТСП, Буџет на Општина Богданци, Буџет на ЈОУДГ „Коста Поп Ристов Делчев“.

Висина на средства: 3.000.000 денари.

## РЕКОНСТРУКТИВНИ ЗАФАТИ ВО ЈОУДГ „КОСТА ПОП РИСТОВ ДЕЛЧЕВ“ - СТОЈАКОВО

Реконструктивните зафати ќе опфаќаат санација-реконструкција на дел од кровот, реконструкција на дел од фасадата и реконструкции на дел од внатрешноста.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: МТСП, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 5.000.000,00 денари.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА УСЛУГА ЗА ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ

Поддршка за воспоставување на услугата помош и нега во домот преку лиценциран давател на услуга и лиценцирани негуватели (за лиценцирани негуватели доколку нема доволно на територија на Општина Богданци, општината ќе ги покрие трошоците за лиценца/сертификат)

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, МТСП, Буџет на Општина Богданци.

## ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА

Проектни соработки во областа на социјалната инклузија, со вклучување на невработени лица кои тешко се вклучуваат на пазарот на труд, со активности за помош на крајни корисници кои исто така се ранливи категории граѓани.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Влада на РМ, АВРМ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 700.000 денари годишно.

## БЕСПЛАТЕН ПРЕСТОЈ ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА НА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА СЕМЕЈСТВА

Децата од предшколска возраст кои потекнуваат од социјално ранлива категорија семејства ќе можат бесплатно да ги добиваат услугите на детската градинка од Богданци. Проектот ќе има за цел, сите деца да бидат вклучени во процесот на предучилишно образование и социјализација на истите.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари.

### ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА И ЛИЦА

Општината ќе обезбеди средства за помош на лица од социјално ранливи семејства и лица / семејства кои претрпеле материјална штета од временски непогоди и други катастрофи.

Рок: континуирано.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 2.000.000 денари.

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на ВМРО-ДПМНЕ. Селото и земејоделското производство отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината, а ќе соработуваме со владините институции. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка, затоа што е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, ќе го подобриме животот на нашите земјоделци.

### ПОСТАВУВАЊЕ ПЛОВЕЧКИ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПОСТРОЈКИ НА БРАНАТА ПАЉУРЦИ

Трајно решавање на проблемот со полнење на браната Паљурци и Дојранското Езеро преку напојување со електрична енергија на хидросистемот за спас на Дојранско Езеро.

Рок: 2025-2028 г.

Извор на средства: Влада на РМ, МЗШВ.

Висина на средства: 61.000.000 денари.

### ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НОВ ПОЛСКИ МОСТ НА РЕКА ЛУДА МАРА (КАЈ ПОРАНЕШНА ПЛИНАРА)

Мостот ќе овозможи поврзување на урбаниот дел во н.м. Богданци со земјоделските површини и полесен и побрз пристап до поседите.

Предлогот предвидува да има една лента за сообраќај со пешачка зона.

Рок: 2027-2029 г.

Извор на средства: МЗШВ, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 8.000.000 денари.

## САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА

Санацијата ќе се одвива преку програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството.

Ќе се овожможи олеснување на пристапот до поседите на дневна основа и брза и лесна комуникација за довоз и одвоз на материјал и производи од место на производство.

Рок: 2026-2029 г.

Извор на средства: ЦРЈИПР, програма за капитални субвенции за развој на плански региони.

Висина на средства: 1.000.000 денари.

## НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНОВАРДАРСКА ДОЛИНА

Дореализацијата на фаза II од проектот за наводнување на јужната долина на реката Вардар, со што ќе се овозможи наводнување на нови површини земјоделско земјиште и во атарот на Општина Богданци.

Рок: 2026-2029 година.

Извор на средства: Влада на РМ.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ИНФОДЕНОВИ ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ

- Еднодневен настан инфоден по програма/мерки ИПАРД 2021-2027.
- Еднодневен настан инфоден по програми/мерки на агенција за финансиска поддршка на руралниот развој.

Рок: 2026-2029 година.

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Во оваа област ќе се залагаме за спречување и намалување на ризиците од пожари, несреќи и други опасности преку реализација на следните активности и мерки:

## НАБАВКА НА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА ЗА УНИВЕРЗАЛНАТА ЕДИНИЦА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Буџет на Општина Богданци, донаторски програми.

Висина на средства: 200.000 денари.

### ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ, ПРОЕКТИРАЊЕ НА ХИДРАНТСКА МРЕЖА (И БАРАЊЕ ДОНАТОРСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА) ПО ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА НА ХИДРОСИСТЕМОТ ЗА СПАС НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО

Цел е да се направи заштитен појас за заштита од евентуални пожари на нашата територија.

Рок: 2025-2029 г.

Извор на средства: Влада на РМ, Министерство за ЖС, Буџет на Општина Богданци.

Висина на средства: 1.000.000 денари.

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

### Отворање дисперзирани канцеларии на институции кои се најпотребни во Богданци

Дисперзирана канцеларија на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување-подрачна канцеларија Гевгелија во Општина Богданци.

### Општина Богданци да добие регионален код со две букви BG на автомобилските регистарски таблички

### Дизајнирање на честитка-разгледница со мотиви од Богданци

Дизајнирање на честитка-разгледница со мотиви од Богданци, нејзино печатење и дистрибуција.

Рок: 2024

Извор на средства: Буџет на Општина БОГДАНЦИ.

Висина на средства: 200.000 денари.

### ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПУНКТ ЗА БРЗА ПОМОШ

Пунктот да биде сместен во огромниот и неискористен објект на амбулантата во Богданци.

### УРЕДЕНА УЛИЦА – УБАВА ОПШТИНА

Граѓаните бараат уредување на локалните улици, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува враќање на патишта во првобитна состојба како пред раскопу-

вање за замена на водоводна мрежа, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетски ефикасно улично осветлување. Очекуван ефект: безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.

Рок: континуирано.

## КУЛТУРЕН МОЗАИК

Граѓаните сакаат повеќе културни содржини достапни за сите. Проектот подразбира организација на летни концерти, театри на отворено, уметнички изложби и книжевни вечери во локалните културни домови или јавни простори. Општината ќе ги поддржи младите уметници и културни здруженија. Очекуван ефект: побогат културен живот, поголема вклученост на младите во културата, развој на општината како културна дестинација.

Рок: континуирано.

## СПОРТ ЗА СИТЕ

Граѓаните предлагаат општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации –планинарски акции и велосипедски тури. Очекуван ефект: промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.

Рок: континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ